КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

# Јануари **2022**




# **МЕСЕЧЕН**ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Најавите за зголемување на референтната каматна стапка од страна на FED (Федералниот резервен систем на САД), како и зголемените геополитички тензии доведоа до пад на акциските индекси.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се намали за 4,96%, а при тоа најголем пад имаа американските акции со пад од 5,26% (мерени преку S&P 500 индексот) - што е најголем месечен пад од појавата на пандемијата (Март 2020).




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месец јануари вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 1,18%. Значителен раст имаа акциите на Комерцијална Банка со раст од 6,87% и Стопанска Банка Скопје со раст од 3,80%, а најголем пад имаа акциите на Македонија Турист со пад од 4,12% и Гранит чија вредност се намали за 4,44%.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Најавите за зголемување на каматните стапки од централните банки доведе до раст на приносите на државните обврзници. На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 2,9% и 1,78% соодветно, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од 0,01%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец јануари најголем пад во однос на еврото имааше руската рубља (RUB) која ја намали вредноста за 1,71% и австралискиот долар (AUD) со пад од 1,56%, додека најголем раст имаа кинески јуан (CNY), јапонскиот јен (JPY) и американскиот долар (USD) со раст помеѓу 1,22% и 1,29%.




*Извор: Блумберг*